РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

| Примено: | 13.06.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 25 | 824/1 | | |

До Општина Ранковце
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Буџет (детален) на ЕЛС за 2024 година
2. Име, презиме и контакт од Координаторот за еднакви можности и датум на негово назначување
3. Акт за систематизација на работните места
4. Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година
5. Листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставени од Координаторот за еднакви можности до ЕЛС во 2024 година
6. Листа на иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024 година
7. Листа на членови на Комисија за еднакви можности во 2024 година и нивни контакти
8. Актуелна Стратегија за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
9. Годишна програма за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
10. Актуелен Акциски план за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
11. Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности во 2024 година
12. Број на буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности во 2024 година
13. Листа на мерки и активности кои Комисијата за еднакви можности ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024 година
14. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за основните мерки согласно чл. 5, 6 од Законот за еднакви можности
15. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за посебни мерки согласно чл. 7 од Законот за еднакви можности
16. Локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024

17. Број на мажи и број на жени членови на комисиите на општината во 2024

18. Број на мажи и број на жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024

19. Програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

20. Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција на родово-базирано насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

21. Одвоени финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејното насилство на локално ниво во согласно со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) емајл
б) по пошта

Барател на информацијата:
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

[redacted]

Датум: 09.06.2025 година
Потпис [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-824/9
01.07.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), а по овластување на Градоначалникот на општина Ранковце, согласно Решение број 08-231/1 од 13.02.2024 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, општина Ранковце преку Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 01.07.2025 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од [redacted] до општина Ранковце, заведено под бр. 25-824/1 од 13.06.2025 година **СЕ УВАЖУВА**. Се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и како такви ќе бидат доставени до барателот информациите со кои располага општина Ранковце.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

До општина Ранковце доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации [redacted] кое е примено на 13.06.2025 година и заведено во архива под бр.25-824/1, со кое Брателот бара преку е-маил да бидат доставени следните информации од јавен карактер:

1. Буџет (детален) на ЕЛС за 2024 година.
2. Име, презиме и контакт од Координаторот за еднакви можности и датум на негово назначување.
3. Акт за систематизација на работните места.
4. Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година.
5. Листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставени од Координаторот за еднакви можности до ЕЛС во 2024 година.
6. Листа на иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024 година.
7. Листа на членови на Комисија за еднакви можности во 2024 година и нивни контакти.
8. Актуелна Стратегија за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година.
9. Годишна програма за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година.
10. Актуелен Акциски план за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година.
11. Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности во 2024 година.
12. Број на буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности во 2024 година.
13. Листа на мерки и активности кои Комисијата за еднакви можности ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024 година.
14. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за основните мерки согласно чл. 5, 6 од Законот за еднакви можности.

15. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за посебни мерки согласно чл. 7 од Законот за еднакви можности.

16. Локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024.

17. Број на мажи и број на жени членови на комисиите на општината во 2024.

18. Број на мажи и број на жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024.

19. Програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

20. Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција на родово-базирано насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

21. Одвоени финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејното насилство на локално ниво во согласно со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

Постапувајќи по наведеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, општина Ранковце врз основа на информациите со кои располага, а имајќи ја предвид горенаведената одредба од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на Барателот [redacted] му се доставуваат следните информации:

1. Буџет (детален) на ЕЛС за 2024 година.
- Во Прилог на ова Решение: Буџет на општина Ранковце за 2024 година.

2. Име, презиме и контакт од Координаторот за еднакви можности и датум на негово назначување.
- Координатор за еднакви можности е Ивона Дојчиновска Филиповска.

е-маил: ivona.dojcinovska.filipovska@rankovce.gov.mk

3. Акт за систематизација на работните места.
- Во Прилог на ова Решение: Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Ранковце и Правилник за изменување и дополнување на систематизација на работните места во општинската администрација на општина Ранковце од 2016, 2018, 2019, 2020, 2021 и 2024 година.

4. Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година.
- Нема.

5. Листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставени од Координаторот за еднакви можности до ЕЛС во 2024 година.
- Нема.

6. Листа на иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024 година.
- Нема.

7. Листа на членови на Комисија за еднакви можности во 2024 година и нивни контакти.
- Членови на Комисија за еднакви можности во 2024 година се: Чедо Илиевски, Маријан Додевски, Марина Симоновска, Анета Цветковска и Љубе Мицевски.

8. Актуелна Стратегија за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година.

- Комисија за еднакви можности нема донесено Стратегија за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година.

9. Годишна програма за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година.

- Комисија за еднакви можности нема донесено Годишна програма за работа за 2024 година.

10. Актуелен Акциски план за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година.

- Комисија за еднакви можности нема донесено Акциски план за работа за 2024 година.

11. Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности во 2024 година.

- Комисија за еднакви можности нема одржано состаноци во 2024 година.

12. Број на буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности во 2024 година.

- Комисија за еднакви можности нема присуствувано на буџетски седници во 2024 година.

13. Листа на мерки и активности кои Комисијата за еднакви можности ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024 година.

- Комисија за еднакви можности нема доставено мерки и активности до советот на општината во 2024 година.

14. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за основните мерки согласно чл. 5, 6 од Законот за еднакви можности.

- Општина Ранковце нема доделено финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за основните мерки согласно чл. 5, 6 од Законот за еднакви можности.

15. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за посебни мерки согласно чл. 7 од Законот за еднакви можности.

- Општина Ранковце нема доделено финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за посебни мерки согласно чл. 7 од Законот за еднакви можности.

16. Локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024.

- Општина Ранковце нема изготвено посебен Акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, еднаквите можности се вклучени во Програмата за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности.

17. Број на мажи и број на жени членови на комисиите на општината во 2024.

- Комисиите на општината се составени од членовите на советот и во нив членуваат шест мажи и три жени.

18. Број на мажи и број на жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024.

- Општината има едно Јавно комунално предпријатие на својата територија во чиј Управен одбор во 2024 година членуваа четири жени и еден маж.

19. Програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

- Нема.

20. Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција на родово-базирано насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

- Нема.

21. Одвоени финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејното насилство на локално ниво во согласно со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

- Општина Ранковце нема одвоени финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејното насилство на локално ниво во согласно со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

Прилог:

- Буџет на општина Ранковце за 2024 година.
- Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Ранковце и Правилник за изменување и дополнување на систематизација на работните места во општинската администрација на општина Ранковце од 2016, 2018, 2019, 2020, 2021 и 2024 година.

Согласно горенаведеното општина Ранковце одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**
**Александар Стојановски**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

Доставено до:
- Барател на информацијата
- Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-824/10
01.07.2025 год.
РАНКОВЦЕ

До
[redacted]

**Предмет: Достава на информација**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер кое е заведено во архива под број 25-824/1 од 13.06.2025 година со кое барате од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да Ви бидат доставени во електронски запис на е-маил определени информации Општина Ранковце донесе Решение со кое го уважи Вашето барање и констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и Ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и ќе бидат доставени во бараната форма и тоа:

Прилог:

- Решение бр. 25-824/9 од 01.07.2025 година;

**Со почит,**

**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Александар Стојановски**
А. [signature]

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**
[signature] [stamp]